СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 620/2

28.02.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 31-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 28.02.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели.

Отсутен беше советникот Агим Садику.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Бурим Кадриу, Валдет Селими, Беким Мустафај- преставници од општинската администрација и новинари од Ускана.

**Претседателот на советот**- ги поздрави присутните и праша дали има некој забелешка на Записникот од 30-та седница на советот одржана на 31.01.2024 г.

Бидејќи никој не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Записникот од 30-та седница на советот одржана на 31.01.2024 г. и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1.Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година.

2.Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за даночна стапка на данокот на имот.

3.Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина) за субјекти субвенционирани од Општина Кичево.

4.Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на централен регистар.

5.Предлог Одлука за вршење на траен отпис на данок на имот за физички лица.

6.Предлог Одлука за назначување на Вршител на должност на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец".

7.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистички план за село Србјани донесен со Одлука на совет бр 07-57/7 од 15.04.1999, за КП.бр.351 и КП бр.350 КО Србјани во Општина Кичево.

8.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба ,,Чифлик,, УЕ ,,А" Блок А7-2 дел Кичево заради вклопување на бесправен објект.

9.Предлог Одлука за давање на користење на објект сопственост на општина Кичево.

10. Разно.

**Михајло Данилоски-** Предложи втората точка да се повлече од дневниот ред, бидејќи во член 1 од Одлуката имало измена со која се зголемувала даночната стапка на данокот на имот, а со тоа и данокот на граѓаните.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на советникот Михајло втората точка да се повлече од дневен ред и истиот не се усвои бидејќи за него гласаа ЗА 7 советници, а за точката да остане на дневен ред гласаа ЗА 14 советници.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред за денешната седница и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година

**Тефик Лутвиу**- Информира дека седница на Комисијата за финансии и буџет требало да се одржи на 26.02.2024 г., но не се одржала, бидејќи присуствувале само двајца членови и немало кворум.

**Бурим Кадриу**- Информира дека оваа Одлуката е за измена, бидејќи во предходната Одлука имало пропусти: во датумите, во преамбулата, во член 4 кај пресметката на плата на Градоначалникот и во член 5 се додавало Програма за култура.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на Одлуката за реализација на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година и истата се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за даночна стапка на данокот на имот

**Бурим Кадриу**- Информира дека со оваа Одлука се прави измена на Одлуката од 2023 година и наместо 0,1 да биде 0,12 % зголемување на даночната стапка.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на Одлуката за даночна стапка на данокот на имот и истата се усвои со 14 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина) за субјекти субвенционирани од Општина Кичево

**Бурим Кадриу**- Информира дека субјектите кои се субвенционирани од општината во првите две години се ослободени од комунална такса.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека во Одлуката стоело отпис на долг за фирми кои добиле субвенција во 2024 г., а било за 2022 и 2023 г. Праша дали се отпишуваат од долгот или се ослободуваат.

**Бурим Кадриу**- Информира дека тоа било за фирми за повикот што бил во 2023 г., а не за 2022 и 2024 г. Истакна дека општината е должна да одреди комнална такса на субјектите и на субјектите кои се отпишани во Централниот регистар морало да им се отпише долгот, бидејќи тој им стоел.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина) за субјекти субвенционирани од Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на Централен регистар

**Бурим Кадриу**- Информира дека 261 даночни обврзници се ослободени од комунална такса, бидејќи според Централниот регистар тие се отпишани, не постојат, а сумата која не била прибрана како комунална такса не можела сега да се прибере, бидејќи тие не постојат и затоа се вршел отписот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на траен отпис на комунална такса (фирмарина), за субјекти избришани од евиденција на Централен регистар и истата се усвои со 15 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАН.

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за вршење на траен отпис на данок на имот за физички лица

**Бурим Кадриу**- Информира дека тоа било во врска со данокот на имот на физички лица и се работело за 97 даночни обврзници кои поднеле барање за тоа, кои се евидентирани и требало да им се отпише долгот.

**Валентина Лазаревска** – Праша кои се критериумите што треба да се исполнат за отпис на долгот.

**Бурим Кадриу**- Информира дека нема посебни критериуми, тие што мислат дека им е птресметано повеќе данок, немаат имот за да им се пресметува данок итн. поднесуваат барање за тоа и тие се разгледуваат.

**Валентина Лазаревска** –Праша дали треба да се исполни некоја обврска, за да се отше долгот.

**Бурим Кадриу**- Информира дека со барањето поднесуваат и уплатница и тоа се разгледувало.

**Валентина Лазаревска**- Праша како некој ќе го известат дека му е отпишан долгот.

**Бурим Кадриу** – Информира дека во решението ќе стоела забелешка дека тој даночен обврзник не треба да има данок, доколку нема имот.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека грешките ги прави Одделението за даноци и требало да им се укаже поодговорно да работат таму.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за вршење на траен отпис на данок на имот за физички лица и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за назначување на Вршител на должност на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец“.

**Секретарот на општината**- Информира дека  надлежната комисија констатирала дека во  Управниот одбор треба да се избере уште еден ВД член  од три месеци во претпријатието.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека четири и со тој ќе биле пет члена, а пак немало информации согласно законот за тој член и покрај тоа што неколку пати зборувале за тоа и правеле грешки.

**Секретарот на општината**- Информира дека ги исполнувал условите.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека тие не знаеле дали ги исполнува условите и праша зошто институцијата не ги извести колкаво образование има тој член.

**Абдула Сејдини**- Информира дека Секретарот тврдел дека Управниот Одбор има 7 члена, а сега се потврдило дека има 5 члена, на кое тој постојано укажувал. Истакна дека било точно да се има подетални податоци за членовите на одборот и добро било Секретарот на општината да ги слушне и советниците и дека тие не биле само за политика тука.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување  Предлог Одлуката за назначување на Вршител на должност на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец“ и истата  се усвои со 15 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ.  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистички план за село Србјани донесен со Одлука на совет бр 07-57/7 од 15.04.1999, за КП.бр.351 и КП бр.350 КО Србјани во Општина Кичево.

**Претседателот на Комисијата за урбанизам** го прочита Извештајот од одржаната седница на Комисијата и ги повика советниците да ги усвојат точките кои се во надлежност на оваа комисија, а биле разгледани на седницата на комисијата.

**Беким Мустафај** – Информира дека се работело за легализација на бесправно изграден објект и се барало да се прошири урбанистичкиот опфат.

**Валбона Адили Емини**- Побара од преставникот од урбанизам подетално да опише за што се работело.

**Беким Мустафај-** Информира дека се работело за н.м Србјани и дека такви случаи имале и порано. Наведени биле катастарските парцели, а имало и елаборат. Објектот бил надвор од градежно земјиште, т.е бил во земјоделско земјиште и потребно било советниците да дадат зелено светло да се урбанизира местото, во спротивно ќе се срушел објектот.

**Иван Божиноски**- Информира дека голем дел од селата имаат интензивна градба. Општината од финансиски проблеми не можела да го прошири урбаниот опфат, а луѓето имале потреба од градба и граделе диво, а советот сега носел Одлука дека ќе се прошири урбанистичкиот опфат. Истакна дека е потребно да се најдат и предвидат средства во буџетот, за да се прошират урбанистичките опфати во селата, за во иднина да нема дивоградби.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистички план за село Србјани донесен со Одлука на совет бр 07-57/7 од 15.04.1999, за КП.бр.351 и КП бр.350 КО Србјани во Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба ,,Чифлик,, УЕ ,,А“ Блок А7-2 дел Кичево заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за легализација на објект кој е во стамбена зона и бил евидентиран како индустриски објект, а сега во иднина било потребно да има таму лесна индустрија. Потребно било за тоа да одлучат советниците, ако не ќе останело стамбена зона.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Детален урбанистички план за населба ,,Чифлик,, УЕ ,,А“ Блок А7-2 дел Кичево заради вклопување на бесправен објект и истата не се усвои со 10 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 12 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на користење на објект сопственост на општина Кичево

**Валдет Селими**- Информира дека се работи за давање на користење на објектот - зградата на поранешната општина Зајас на Институтот за културнио и духовно наследство на Албанците. Објектот ќе се користи за зачувување и заштита на духовното и културно наследство на Албанците. Користењето е за период од 99 години.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на користење на објект сопственост на општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА:** Разно

**Лазе Јакимоски**- Го праша секретарот зошто на минатата седница се донело Одлука за избор на членови на Младинскиот сојуз и биле избрани 9 члена, а сега за два дена имало нов повик со 7 члена.

**Секретарот на општината**- Информира дека дел од членовите си дале оставка, не знаела кој е во новата комисија, а постапката сега ја водел Алберт Садику и можела да достави Извештај за следната седница.

**Валдет Селими**- Информира дека 9 члена се избрале од нив 3 се повлекле и сега биле 6 члена, а 7 биле за нови членови, бидејќи немало преставници од училиштата и здруженијата на граѓани и тој ќе броел 13, а не 9 члена.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека согласно законот, бројот на членови во Младинскиот сојуз треба да биде 1/3 од бројот на членови на советот и мисли дека тој број е 8 члена. Истакна дека за нив не одлучувала комисија

како што велел секретарот, туку во законот било опишано дека требало да има Иницијативен одбор. Пото го прочита тој дел од законот.

**Секретарот на општината** – Информира дека на следната седница ќе имало преставници и тие ќе објаснеле, а ако се одело според тоа, не ќе можеле да стигнат, бидејќи се работело за проект кои го добиле и тој требало да се спроведе.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека тоа било се во ред, но треба да се почитува законот, зошто можело да има нов проблем.

**Валентина Лазаревска** –Апелира до секретарот, за кучињата скитници кои ги имало многу пред ОУ,,Кузман Јосифоски- Питу" и преставувале опасност за децата и побара да се преземаат мерки за тоа.

**Секретарот на општината**- Информира дека постојано се носеле нови кучиња и тоа било неправда. Истакна дека ќе се преземат мерки.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 11 часот и 10 минути.

Записничар

- Ленче Србиноска

Совет на Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири